**ЗАПИСНИК**
**од 41-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 22.12.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, пред два дена телефонски го известил дека на денешен ден има презентација на негова книга во странство. Рече дека тоа претставува добра вест и му честита за успехот. Во врска со предложениот дневен ред објасни дека поради новонастанатата состојба, Точката бр. 2 ќе има нов наслов. Имено наместо „Предлози за покренување постапки за одземање на дозволи за телевизиско емитување" новиот наслов кој го предложи е „Информација за престанок на емитување на телевизиска програма на 4 иматели на дозвола". Објасни дека станува збор за информација за која Советот на Агенцијата нема да гласа и да носи одлука но може да дискутира.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## **Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.12.2017 година.
2. Информација во врска со доставените писмени изјави од четири иматели на дозволи дека престануваат со емитување на телевизиска програма.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.12.2017 година.

Г-дин Фиданоски по однос на неговата дискусија во записникот, имаше две забелешки. Првата беше на страна 3 од вкупниот материјал, во пасусот кој следи веднаш по усвојувањето на дневниот ред. Предложи мала преправка на првата реченица, односно истата да гласи: „Г-дин Фиданоски по усвојувањето на дневниот ред рече дека иако за тоа што ќе го каже се консултирал со правници и е законски покриен пред се поради тоа што некој можеби ќе го протолкува дека има личен конфликт на интереси, се изјасни дека ќе се изземе од одлучување по точките 3 и 4..." и потоа да продолжи онака како што е запишано. Втората забелешка беше на страна 9 од вкупниот материјал, најдолу на страницата, каде што практично неговата дискусија потоа се префрла на страна 10. Предложи последната реченица која гласеше „Г-дин Фиданоски се обрати до г-дин Трајчевски и замоли да не се инсинуира дека тој има некакви бизнис или било какви други интереси со подносителот на Барањето" да стане прва, затоа што со неа ја започнал дискусијата.

Советот со вградените забелешки од г-дин Фиданоски едногласно со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.12.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со доставените писмени изјави од четири иматели на дозвола дека престануваат со емитување на телевизиска програма. Објасни дека на наведените 4 радиодифузери на 14.12.2017 година им истекоа 30-те дена како што не емитуваат програма. Информира дека Агенцијата од страна на операторот ОНЕ ВИП преку чија што платформа ја емитуваат програмата беше известена дека овој оператор ги исклучил заради неподмирени финансиски обврски. На 18 декември, понеделник, таа состојба се констатира и од страна на Агенцијата дека и по истекот на 30-от ден 4-те телевизии не започнале со емитување на програма. Потоа Стручната служба почна да изготвува материјали за покренување на постапки за одземање на дозволите и во таа насока беше закажана седница. Во меѓувреме, на 20 декември, среда, сите 4 иматели на дозвола за телевизиско емитување до Агенцијата доставиле писмени изјави согласно Законот, дека престануваат со работа и дека ги враќаат дозволите. Со ова се создаде новонастаната состојба од претходно каде што согласно Законот сега нема потреба Советот да гласа туку истите директно се бришат од регистарот на радиодифузери поради престанок на дозволата по сила на Закон. Посочи дека документите кои што радиодифузерите ги доставиле до Агенцијата се во прилог на информацијата која беше доставена до членовите на Советот во материјалите за седница.

Г-дин Петрушевски рече дека бил во тек со новонастанатата состојба бидејќи бил во комуникација со директорот и нему му е јасно во врска со точката. Отвори дискусија и објасни дека Советот нема да гласа по точката но може да се поставуваат прашања.

Г-дин Фиданоски рече дека секогаш се држи до ставот дека искрено жали кога некој медиум има проблеми и престанува со функционирање и работа. Но кога станува збор за овие радиодифузери рече дека мора да биде искрен за неговиот личен став кој сакаше јавно да го искаже на седницата. Според него тие се 4 од 9-те радиодифузери

што биле формирани пред неколку години за кои што имаше голема фама во јавноста дека тие се формирани во ден или два од тројца сопственици и за жал според негово мислење тие не биле формирани поради бизнис интерес туку од друг интерес. Колку што му е него познато главниот извор на приходи во годините претходно до лани, биле пари што доаѓаа од Владата и од други државни институции. За жал рече повторно не успеале да опстојат на пазарот по прекинот на таквите финансиски средства и искрено очекувал дека ќе дојде до ваков развој на настаните за некои од нив, не вели за сите но за некои од нив очекувал.

Г-дин Петрушевски рече дека е штета што некој претставник од 4-те радиодифузери не е присутен на седницата да одговори, но рече дека најмногу му е жал за вработените во овие медиуми бидејќи сега ќе останат без работа, тоа е минусот на ваквата завршница.

**Точка 3.**

**Разно.**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-5592/2**
**26.12.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**